Bojan Marichikj Digitally signed by Bojan Marichikj Date: 2021.04.14 12:04:02 +02'00'

Република Северна Македонија
**Министерство за правда**

Бр. 05-1074/1
Скопје 14. 04. 2021 година

Врз основа на член 77 од Законот за јавните набавки ("Службен весник на РМ" бр.24/19 од 01.02.2019г.), а согласно Усогласениот Годишен план за јавни набавки бр. 05-270/1 од 21.01.2021 година, **министерот за правда м-р Бојан Маричиќ** ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**за јавна набавка на стоки**
**гориво за службени возила на Министерството за правда на бензиска станица со безготовинско плаќање за период од 1 (една) година**

1.За потребите на Министерството за правда, потребно е да се спроведе постапка од мала вредност за јавна набавка на стоки и тоа: – Гориво за службени возила на Министерството за правда на бензиска станица со безготовинско плаќање за период од 1 (една) година.

1.1.Предмет (вид) на набавка: Гориво за службени возила на Министерството за правда на бензиска станица со безготовинско плаќање за период од 1 (една) година

1.2. Предметот на набавка не е делив на делови.

2. За задоволување на потребата од точка 1 на оваа Одлука се утврдуваат средства во **вкупен износ** од 600.000,00 без вклучен ДДВ, ДДВ во вредност од 108.000,00 денари или вкупната вредност со вклучено ДДВ во износ од 708.000,00 денари.

Плаќањето ќе се изврши од редовна буџетската сметка на Министерството за правда 637, Програма 10-Администрација, Ставка 421, средства предвидени во буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година.

3. Начин и постапка за доделување на договорза јавна набавка

Постапката да се спроведе согласно **член 48**, од Законот за јавните набавки ("Службен весник на РМ" бр.24/19), односно со спроведување на **постапка за набавка од мала**


Министерство за правда
Република Северна Македонија
Ул. Димитрие Чуповски бр.9, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk
ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification
BUREAU VERITAS 1828

**вредност**, за доделување на договор за јавна набавка на стоки со објавување на оглас со користење на електронски средства преку ЕСЈН, која ќе заврши со спроведување на електронска аукција.

4. Критериум за доделување на договорот за јавна набавка согласно **член 99** од Законот за јавните набавки - **економски најповолна понуда и се утврдува врз основа на најниска цена.**

5. Плаќањето ќе биде вирмански, во рок до 30 дена од доставувањето на месечна фактура.

6. Постапката да заврши со склучување на договор за јавна набавка на стоки.

7. За целосна реализација на постапката за доделување на договор за јавна набавка се формира Комисија за јавна набавка во состав:
   - претседател на Комисијата: Ацо Живковски
   - членови: - Марија Бриндевска
     - Насер Ќамили

   - заменик претседател на Комисијата: Петар Мирковиќ
   - заменици членови: - Орхан Сулимани
     - Теута Бериша

8. Се задолжува Комисијата од точка 7 да ја спроведе постапката согласно со одредбите од член 79 од Законот за јавните набавки.
9. За донесената Одлука за јавна набавка да се известат претседателот, членовите и нивните заменици од Комисијата за јавни набавки.

10. Оваа Одлука стапува во сила со денот на нејзиното донесување.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. Димитрие Чуповски бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493 www.pravda.gov.mk
ISO 9001 BUREAU VERITAS Certification

Република Северна Македонија

Министерство за правда

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Со цел реализирање на Годишниот план за јавни набавки бр. 05-270/1 од 26.01.2021 година на Министерството за правда потребно е да се спроведе постапка за доделување на договор за јавна набавка на стоки. Предмет на набавка е набавка на стоки – Гориво за службени возила на Министерството за правда на бензиска станица со безготовинско плаќање за период од 1(една) година.

За реализација на оваа набавка ќе се употребат средства во вкупен износ од 600.000,00 без вклучен ДДВ, ДДВ во вредност од 108.000,00 денари или вкупна вредност со вклучено ДДВ во износ од 708.000,00 денари.

Плаќањето ќе се изврши од редовна буџетската сметка на Министерството за правда 637, Програма 10-Администрација, Ставка 421, средства предвидени во буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година.

Согласно на горенаведеното донесов Одлука како во диспозитивот.

МИНИСТЕР ЗА ПРАВДА
м-р Бојан Маричиќ

Доставено до:
- Комисија за јавни набавки
- Сектор за финансиски прашања

Подготвила: Марина Миновска, советник
Контролирал: Убавка Матевска Скаловска, раководител на сектор


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. Димитрие Чуповски бр. 9, Скопје, Република Северна Македонија
389 2 3116 423
www.pravda.gov.mk
ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification